

СОВЕТ НА ЕВРОПА

# КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАР(К)ИТЕ



Оддел за информациско општество

6 март 2023 година

PROTECT JOURNALISTS – PROTECT DEMOCRACY
COUNCIL OF EUROPE

www.coe.int/freedomofexpression

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

СОВЕТ НА ЕВРОПА

# КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАР(К)ИТЕ

Овој документ го претставува концептот на „Кампањата за безбедност на новинар(к)ите“ на Советот на Европа за периодот 2022-2027 година. Документот содржи кратка историја на Кампањата, нејзините идентификувани цели и целните групи. Ги истакнува додадените вредности на делувањето на Советот на Европа на ова поле и дава предлог за текот на Кампањата, структурата на имплементацијата, збирот на активности, методологијата и очекуваните резултати.

## 1. Резиме

Новинар(к)ите имаат клучна улога во зачувувањето на едно демократско и плуралистичко општество. Препознаени од Европскиот суд за човекови права како „јавни чувари“, тие имаат право и должност да споделуваат информации и идеи од јавен интерес во рамки на Членот 10 од Европската конвенција за човекови права. Нивната должност да информираат е отсликана во правото на јавноста да биде информирана, и истата може да биде предмет на тесни ограничувања само доколку тоа е пропишано со закон, потребно во едно демократско општество и во насока на легитимните цели наведени во Членот 10(2) од Конвенцијата, онака како што тоа го толкува Европскиот суд за човекови права.

Имено, според Европскиот суд за човекови права, државите треба да креираат поволно опкружување за учество во јавна дебата на сите засегнати лица, со што ќе им се овозможи да ги искажат нивните мислења и идеи без страв. Додека заплашувани, вербално и физички напаѓани, под закани, цел на злонамерни парнични постапки, новинар(к)ите се под постојана закана, а нивната мисија е изложена на ризик.

Како што е детално забележано од рекордниот број, но и различните видови пријави добиени во последните години на **Платформата** на Советот на Европа **за заштита на новинарството и безбедност на новинар(к)ите**, новинар(к)ите се жртви на широк спектар напади кои ја попречуваат нивната секојдневна работа. Онлајн опкружувањето, иако претставува можност за проширување на инстант пристапот до информации на светско ниво, исто така претставува плодна почва за неколку други форми на напади. Во тој контекст, иако се случува и офлајн, новинарките често се соочуваат со погруби типови на насилство и закани на сметка на нивниот род. Секако дека тоа што се случува онлајн може да има влијание и офлајн, и на крајот да ги замолчи новинар(к)ите и, во најстрашен случај, да им биде пресудено со лишење од слобода или од нивниот живот поради одбивањето да бидат замолчени. Во контекст на ова резиме, стапката на неказнивост останува екстремно проблематична.

Ваквата клима на насилство врз новинар(к)ите претставува долгорочен проблем што ги засега повеќето држави членки на Советот на Европа и токму затоа бара високо ниво на политичко внимание и итно преземање активности.




Во изминатите години, Советот на Европа на највисоко ниво презема важни чекори кон овозможување слобода на изразување и подобра заштита на новинарството, како и заштита и безбедност на новинар(к)ите. Во 2016 година Комитетот на Министри ја усвои **Препораката CM/Rec(2016)4** за заштита на новинарството и безбедност на новинар(к)ите и другите медиумски актери, со која се бара да се стави во примена јасна правна рамка за заштита на нивниот физички и морален интегритет, да се усвојат соодветни одредби во кривичните закони за спречување на неказнивоста и да им се овозможи на новинар(к)ите широк и ефективен обем на заштита. Кратко по усвојување на Препораката објавен е и Водич за спроведување на Препораката ***„Како да се заштитат новинарите и другите медиумски актери?“,*** практична алатка што содржи конкретни предлози за ефективна имплементација на Препораката, што наскоро ќе се комплетира така што ќе ги покрива сите четири столба од Препораката.

Сепак, во последните години почитувањето на слободата на изразување е во опаѓање во многу земји. Како што е истакнато во Годишниот извештај за 2022 година на Генералната секретарка на Советот на Европа ***Одиме напред,*** личната безбедност на новинар(к)ите и економските и финансиски услови под кои се очекува медиумите да работат новинарство и понатаму се влошуваат. Пандемијата Ковид-19, а потоа и војната на европско тло, имаат посебно силно влијание врз новинарството и медиумите.

Државите членки својата посветеност на борбата против заканите врз безбедноста на новинар(к)ите и поврзаната неказнивост ја надградија на **Конференцијата на Министри одговорни за медиуми и информациско општество** одржана во јуни 2021 година. Таму, Министрите одговорни за прашањата во делот на медиуми и информациско општество се состанаа со цел да се договорат за активностите што треба да се преземат за да се адресираат радикалните измени во медиумите и информацискoто опкружување во државите членки во дигиталната ера, и да дискутираат за решенија против опасното назадување на безбедноста на новинар(к)ите. На Министерската Конференција се усвоија четири многу важни политички документи: финална декларација и четири резолуции. Меѓу нив, со **Резолуцијата за безбедност на новинар(к)ите,** државите членки ги обновија нивните заложби за заштитата на новинар(к)ите да биде висок политички приоритет и, меѓу неколкуте важни активности, го поканија Советот на Европа да спроведе сеопфатна кампања на европско ниво посветена конкретно на унапредување на заштитата на новинарството и на безбедноста на новинар(к)ите.

## 2. Цели

Примарна цел на кампањата на Советот на Европа е **ефективно зголемување на безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери** во сите ситуации.

Клучно е да се зголемат напорите на државите членки за заштита на виталната улога на новинар(к)ите во едно општество, и ефективно да се спречат, истражуваат и санкционираат заканите и нападите врз нивната безбедност, офлајн и онлајн. Посебно внимание ќе се посвети на новинар(к)ите кои известуваат во време на криза и/или конфликт, кои се изложени на уште поголем ризик од притисоци и напади, како и и на изнаоѓање начини за поддршка на нивната безбедност воопшто. Понатаму, дополнителен фокус ќе се даде на предизвиците по безбедноста со кои се соочуваат новинарките офлајн, но и во онлајн опкружувањето.

Под мотото "*Новинар(к)ите се важни*", кампањата ширум континентот има за цел да го изостри чувството на владите, граѓан(к)ите и самите новинар(к)и за важноста да се осигура безбедност на новинар(к)ите кои ја бранат самата суштина на една плурлистичка демократија.

За да се постигне ефективно и опипливо подобрување во креирањето и/или имплементацијата на националните правни и институционални рамки, во согласност со стандардите на Советот на Европа, кампањата исто така ќе **промовира соодветни кампањи и на национално ниво.**

Крајна цел не е само да се допре до најистакнатите чинители, но и секој да биде свесен за обемот, релевантноста и ургентноста на ова прашање, и на крајот да дојде до ефективна и значителна промена на состојбата во пракса.

За креирање на соодветни правни и институционални рамки на национално ниво, ќе биде обезбедена дополнителна поддршка онаму каде што ќе биде потребно.

Со оглед на тоа дека новинарството е интегирарано во срцето на едно општество, за да се постигне посакуваното влијание потребно е да се таргетираат повеќе **целни групи**:

- *Новинар(к)ите*, кои се примарни корисници на кампањата, ќе бидат повикани да одиграат клучна улога во кампањата за нивната безбедност и за слободата на медиумите воопшто;
- *Медиумски совети, национални и меѓународни здруженија и институции кои работат на темата слобода на медиуми и права на новинар(к)ите,* кои може поефективно и поактивно да придонесат кон заштита на безбедноста на новинар(к)ите;

– *Медиумски куќи,* кои може поефективно и поактивно да придонесат кон заштита на безбедноста на новинар(к)ите;
– *Судии/јки, обвинител(к)и, полиција и други релевантни јавни власти* за подигање на свеста и унапредување на капацитетите за поефективна заштита на безбедноста на новинар(к)ите;
– *Јавни службеници/чки, избрани тела на сите нивоа и политички партии,* за подобрување на политиките и законодавството кои се однесуваат на безбедноста на новинар(к)ите и слободата на изразување;
– *Граѓанско општество,* вклучително и релевантни независни институции за човекови права, за кревање на гласот и ширење на пораката, и за постапување како клучни чинители кои може да преземат проактивни чекори и да ги освестат јавните власти и општеството воопшто за состојбата на терен;
– *Образовни институции,* вклучително и средни училишта и универзитети, за обезбедување информации за релевантни аспекти кои се однесуваат на безбедноста на новинар(к)ите, за вклучување во дискусии, давање придонес и подигање на свеста и потребата од итно постапување против заканите по безбедноста на новинар(к)ите.

## 3. Планирани активности 2022 - 2027

**Подготвителна фаза:**

Креирање на кампањата пред крајот на 2022 година и започнување со одредување национални контакт точки за кампањата. Идентификување на првите земји/географски региони за започнување со активности во рамки на кампањата, вклучително и асистирање од Организацијата и активностите за соработка во делот на слободата на изразување, кои се клучни за промовирање на имплементацијата на стандардите на Советот на Европа во полето на безбедноста на новинар(к)ите.

По претходните консултации во Советот на Европа, и презентацијата на концептот, целта и главните поенти на кампањата пред Управниот одбор за медиуми и информациско општество (CDMSI) координацијата на кампањата му беше доверена на Управниот одбор од страна на Комитетот на Министри, на Пленарниот состанок во декември 2022 година.

**Старт на кампањата:** закажан за 5 октомври 2023 година, на Конференцијата за слобода на изразување организирана во рамки на Претседателството на Латвија со Комитетот на Министри. По тој повод, Советот на Европа ќе предложи сет од главни поенти на еден национален акциски план (во понатамошниот текст „АП“) за безбедност на новинар(к)ите и другите медиумски актери, вклучувајќи исто така индикатори за проценка на ефективноста на имплементацијата на стандардите. Индикаторите од националниот АП треба да служат како листа за проверка, и врз основа на истите MS може да ги прилагодува потребните активности во согласност со реалната слика во одредена држава. На настанот за старт на кампањата, Советот на Европа исто така ќе го презентира проширениот Водич за спроведување, кој ги покрива 4-те столба на Препораката од 2016 година. Стартот на кампањата исто така ќе овозможи партнерските организации на Платформата да споделат информации за Годишниот извештај и да дадат краток преглед на пријавите и изворите кои се најголема закана, како и за други релевантни случувања.




**Развој на кампањата**: низ кампањата, државите членки ќе бидат поттикнати да преземат конкретни чекори кон креирање национални АП и ставање во употреба ефективни механизми за заштита на новинар(к)ите по пат на зајакнување на нивните стандарди, пополнување на празнините во смисла на загарантирана заштита и поврзани практични мерки, како и унапредување на координацијата, онака како што е соодветно применливо. Советот на Европа ќе ги помогне активностите што треба да бидат преземени кон остварувањето на таквите цели. За времетраење на кампањата ќе се организираат настани за најдобрите практики од земјите кои се опремени со ефективни национални АП и/или механизми.

За да се помогне размената помеѓу релевантните партнери, да се соберат најдобрите практики и да се идентификуваат ефективни решенија, Советот на Европа ќе организира **четири тематски настани,** кои ќе бидат организирани на годишно ниво во текот на кампањата и ќе се фокусираат на четирите столба од CM/Rec(2016)4, односно: „превенција“, „заштита“, „гонење“ и „унапредување на информациите, едукацијата и подигање на свеста“.

Паралелно со тематските настани во рамки на кампањата:

- **Настани организирани на национално ниво** од страна на државите членки под покровителство на Советот на Европа, во текот на кампањата. Такви настани би биле на пример кога држави со оперативни национални АП ќе вршат размени со оние кои сè уште немаат креирано такви планови и ќе им понудат најдобри практики и научени лекции, и/или кога држави кои почнуваат со изработка на нивните АП ќе имаат придобивки од ваквите настани како платформи со повеќе чинители на кои се споделуваат перспективи и се изнаоѓаат ефективни и изводливи решенија. Настаните ќе бидат организирани во согласност со националните/регионалните потреби и реални случувања. Државите членки се поттикнуваат постепено да преземат сопственост на кампањата, додека Советот на Европа ќе има координативна и улога на фацилитатор.

- **Друг тип на кампањски активности,** како подигнување свест во рамки на разни настани и прилики, ТВ кампањи, интервјуа со и сведочења на новинар(к)и, тематски размени по конкретни прашања поврзани со безбедноста на новинар(к)ите, активности на иницијатива на државите членки, новинарските здруженија и други релевантни чинители.

**Завршен настан:** што ќе се одржи во 2027 година и ќе има за цел да ги презентира главните исходи од кампањата, ќе биде еден вид евалуација на постигнатите цели и синтеза на постигнатиот прогрес, и истовремено ќе постави основа за понатамошна надградба на идентификуваните најдобри практики и поуки, сè во насока на зачувување на наученото од кампањата.

# 4. Имплементација

**Координација**

Од страна на Комитетот на Министри на CDMSI му беше доверено да ја предводи работата на Советот на Европа во делот на слобода на изразување, медиумите, интернет владеењето и други прашања поврзани со информациското општество. CDMSI доби задача од Комитетот на Министри да ја започне и да ја координира кампањата, така што ќе биде во блиска соработка и навремено информиран од Секретаријатот за чекорите што се преземаат за подготовка, старт и координација на кампањата.

Одделот за медиуми и интернет на Советот на Европа ќе биде 'контакт точка', под координација на Координаторот/ката за Слобода на изразување и со поддршка од Единицата за слобода на изразување и слобода на медиуми на Советот на Европа. Асистенцијата и соработката на проекти на Советот на Европа на тема медиуми и слобода на изразување ќе дадат клучен придонес кон кампањата и ќе бидат алатка за адресирање на потребите кои се менуваат, преку нив ќе се обезбедува експертиза согласно потребите на државите членки, ќе се креираат и имплементираат релевантни проекти и ќе се оценува нивното влијание.

Ќе се организираат редовни консултации со релевантни чинители и партнери надвор од Организација, доколку е тоа потребно.

Блиска соработка и консултации со државите членки на Советот на Европа од **Групата пријатели за безбедност на новинар(к)ите и слобода на медиумите во Стразбур** ќе бидат клучни за стартот и развојот на кампањата.

**Координација на национално ниво**

Во смисла на координирање со Советот на Европа и меѓусебно координирање, државите членки ќе бидат повикани да назначат **национални контакт точки,** кои ќе се вклучуваат во редовни дијалози со управувачките структури на кампањата и соодветните пандани. За да се овозможи оптимален развој на кампањата како и остварување на нејзините цели, Советот на Европа исто така ќе даде препорака за формирање на **национални одбори** посветени на темата (види Прилог).

Советот на Европа ќе го олесни организирањето на **годишни состаноци на националните контакт точки.** Координатор(ка), во рамките на Одделот за медиуми и интернет, ќе биде линкот помеѓу Советот на Европа и националните контакт точки.

**Проекти за соработка**

Клучен дел по стартот на кампањата е идентификацијата на конкретни потреби и пропусти по земја, како и области каде што е потребна подобра координација со националните контакт точки и креирање и имплементација на соодветни проекти и активности, под капата на Кампањата, посебно со Одделот за соработка при Советот на Европа.

## Партнери во кампањата

Со **клучните партнери** ќе се воспостави соработка и координација, како што е на пример Платформата за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите со парнерските организации кои даваат свој придонес. Годишните извештаи на Платформата, пријавите и препораките уредно ќе бидат земени предвид за да се идентификуваат клучните области каде што се потребни активности во рамки на кампањата.

Релевантните регионални, европски и меѓународни организации или институции ќе бидат поканети да се придружат како партнери во кампањата и за организација на проекти за промоција на безбедноста на новинар(к)ите, на доследен и координиран начин, и врз основа на заеднички усогласени стандарди, со цел подигање на свеста за Кампањата на Советот на Европа.

Тука спаѓаат Обединетите Нации, посебно работата на УНЕСКО за поддршка на заштитата на новинар(к)ите ширум светот. Кампањата на Советот на Европа ќе биде спроведена во согласност со целите од **Акцискиот план на ОН за безбедност на новинар(к)ите и прашањето на неказнивост** и активно, и на координиран начин, ќе земе учество во прославите на Светскиот ден на слобода на печатот и Меѓународниот ден за крај на неказнивоста за кривични дела против новинар(к)и. Соработката и координацијата ќе бидат овозможени во рамки на кампања со Европската Унија, и ќе се надоврзат на **Препораката на Европската Комисија за заштита, безбедност и охрабрување на новинар(к)ите** покрај Препораката CM/Rec(2016)4 на Советот на Европа, и ќе ја земат предвид евалуацијата на спроведувањето на истата, како и наодите на Европската Комисија во годишните Извештаи за владеење на правото. Координирани активности и синергија ќе се воспостават и со Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите и Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР).

Развојот и целите на кампањата ќе бидат споделени, и ќе имаат бенефит од таквото споделување, со релевантните меѓународни здруженија на новинари, како и организации кои се набљудувачи на CDMSI и на неговите подкомитети.

Имплементацијата на кампањата ќе има придобивки од поддршката од **други релевантни чинители** кои ќе бидат партнери во кампањата, како на пример новинар(к)и и волонтер(к)и. Новинар(к)ите ќе бидат охрабрувани активно да ја поддржуваат и да ја промовираат кампањата и нејзините цели – преку ставање акцент и на предизвиците со кои се соочуваат и примерите за конкретни активности и подобрувања – и да бидат меѓу главните актери на кампањата. Волонтер(к)и од цела Европа, кои ќе бидат координирани од страна на Советот на Европа и националните контакт точки исто така ќе бидат охрабрувани активно да придонесуваат кон развојот на кампањата и остварување на нејзините цели.

**Угледни личности,** како меѓународно признаени новинар(к)и, активист(к)и за човекови права и политички власти, ќе бидат вклучени онаму каде што е соодветно со цел подигање на видливоста, обемот и пораката на кампањата.

## Извештаи

На почетокот на 2025 година ќе се направи средишен преглед, а пред финалниот настан во 2027 година ќе се презентира и финалниот преглед на кампањата. Комитетот на Министри и Генералната Секретарка редовно ќе бидат информирани за прогресот на кампањата. Финалниот извештај ќе ги содржи главните исходи.

# 5. Методологија

**Тематски настани на Советот на Европа**

Четирите тематски настани организирани од страна на Советот на Европа ќе бидат **главните случувања на годишно ниво** во рамки на Кампањата, каде сите релевантни чинители, вклучително и претставници/чки на државите членки, новинар(к)и, академици и граѓански организации кои делуваат во ова поле ќе бидат поканети да земат учество и да имаат активна улога во дискусијата. Секој тематски настан **ќе се фокусира на еден од четирите столба** од Препораката (2016)4. Имајќи предвид дека проширениот Водич за имплементација ќе биде објавен во 2023 година, тематските сесии кои се фокусираат на четирите столба ќе одат по следниот редослед:

I. Заштита;
II. Гонење;
III. Превенција;
IV. Промоција на информации, едукација и подигање на

Отворањето на секоја тематска сесија ќе биде со **презентација на примери од најдобрите практики,** на пр. национални иницијативи вредни за споменување – законодавство, практични мерки, соодветна судска пракса – која посебно заслужува да биде земена предвид во смисла на ефективните активности преземени и/или имплементирани во рамките на столбот на кој се однесува. Потоа, ќе се презентира и анализира **студија на случај** со цел да се забележат можни недостатоци и/или јаки страни, да се соочат различни гледишта и да се дадат конкретни предлози. Земајќи ги како референтни индикаторите, кратката историја, вредните пракси и предложените активности кои се веќе достапни во Водичот за имплементација, учесниците/чките ќе бидат повикани **да ги дискутираат приоритетните области** и да идентификуваат аспекти кои заслужуваат дополнително внимание и иновативни решенија.

Тематските сесии ќе бидат придружувани од еден или повеќе **придружни настан(и)** кои ќе бидат селектирани имајќи ја предвид информативната или документирана содржина, релевантноста, влијанието и можноста да се надополни и/или зајакне пораката на кампањата. Примерите вклучуваат проекции на видеа, изложби на фотографии и неформални разговори.

Поразвиена и позбогатена верзија од релевантниот дел од националниот акциски план (заштита, гонење, превенција, промоција), дополнително елаборирана во насока на дискусијата, ќе биде еден од главните исходи од секој тематски настан.

Различните тела и оддели на Советот на Европа кои работат на релевантни аспекти за безбедност на новинар(к)ите и заштита на новинарството ќе имаат улога во дискусијата, согласно нивните конкретни компетенции и искуство. Конкретна улога во обезбедувањето ефективно влијание на кампањата ќе има Одделението за соработка одговорно за конкретни активности за соработка со земјите-членки.

**'Национални поглавја'**

За да се максимизира влијанието од кампањата, Советот на Европа ги охрабрува земјите-членки истата да ја пресликаат во национален контекст, така што ќе организираат национални поглавја на кампањата.

Советот на Европа ќе ја придружува и помага организацијата на 'националните поглавја' на земјите-членки, согласно националните потреби идентификувани во соработка со националните одбори. Таквите активности може да бидат во форма на тематски сесии, програми за обука и активности за подигање на свеста, поврзани со обемот на кампањата, вклучително и преку активностите за соработка на Советот на Европа и проектите на терен. Поддршката ќе се состои и од обезбедување учество на релевантни чинители, како на пример претставници/чки од персоналот и експерт(к)ите, и мобилизирање, онаму каде што за тоа има потреба, на партнер(к)и/активист(к)и за промени, како што се новинар(к)ите и нивните здруженија, медиумите, НВО-и, политичар(к)и, меѓународни владини организации и владини претставници/чки. Такви активности ќе следат по настанот за старт на кампањата, но може да бидат организирани и како подготовка за или последователни активности на годишните тематски настани на Советот на Европа.

### Најдобри практики

Кампањата ќе се развива врз основа на најдобрите практики и научени лекции од претходни успешни кампањи на Советот на Европа, посебно кампањата *Сите сме различни – Сите сме еднакви (All different – All equal)* (2006-2009), кампањата *Едно од пет (One in Five)* за стоп на сексуалното насилство врз децата (2010-2015), *Движењето против говорот на омраза (No Hate Speech Movement)* кампањата за млади (која стартуваше во 2012-2017).

### Видливост и комуникации

Во поглед на **комуникации, офлајн и онлајн,** кампањата ќе пушти спонзорирани пораки како *„Новинар(к)ите се важни"* и други пораки преку широк спектар достапни алатки што ќе се користат за масовно споделување на вести во врска со кампањата. Како на пример веб страните на Советот на Европа и соодветните социјални медиуми, подкаст за предизвиците по безбедноста и за обемот на кампањата, интервјуа со новинар(к)и. Ќе се обезбеди редовното присуство на *Twitter, LinkedIn, Instagram* со истакнат визуелен идентитет, и во синергија со релевантни кориснички профили на Советот на Европа. Преку *YouTube* видео кампањата ќе биде презентирана пред пошироката публика.

Заедно со настанот за почеток на кампањата ќе се организираат и **други промотивни настани** меѓу кои и во рамки на серијата работилници кои се одржуваат во *Les Mercredis du Conseil de l'Europe*.

Соодветен **промотивен материјал** ќе биде исто така достапен**.**

## 6. Очекувани резултати

**Влијанието** што се очекува од кампањата е новинар(к)ите ширум Европа да имаат безбедно опкружување кое им е потребно за слободно и посигурно да ја вршат својата улога на „јавни чувари".

Комбинацијата од активности во рамки на кампањата се очекува да креира **јавна свест за важноста на загарантирана безбедност, независност и плурализам во медиумскиот сектор;**
и да резултира со **соодветни измени во применливите закони и политики на национално ниво и нивна ефективна имплементација.** Исто така треба да иницира поголема **прекугранична соработка и пан-Европска солидарност** и да придонесе кон **културолошки промени** во насока на зголемување на почитта општо кон новинар(к)ите.

Поконкретно, се цели кон следното:

- **Зголемена заштита**: на самите новинар(к)и како и на новинарските извори, и силна поддршка за новинар(к)ите и другите медиумски актери кои работат со цел на јавноста да и обезбедат точни и веродостојни информации, и во време на криза или конфликт. Во пракса, ова треба да се преточи во:
    - широко усвојување и имплементација на национални акциски планови;
    - подобрени правни и институционални заштитни механизми за заштита на безбедноста на новинар(к)ите;
    - воспоставување ефективни правни лекови против нападите;
    - подобри резултати од истрагите за кривични дела против новинар(к)и; и
    - соодветно санкционирање на сторителите.
- **Зголемена свест:** за позитивната улога на новинар(к)ите и на општата јавност и оние кои донесуваат одлуки во 46 земји-членки, вклучително и за потребата од заштита на новинар(к)ите во време на криза или конфликт, согласно принципите издвоени од релевантните стандарди на Советот на Европа и други релевантни меѓународни стандарди.
- **Здружени сили**: развојот на културата за конструктивен дијалог помеѓу новинар(к)ите и релевантните чинители, вклучително и креаторите на закони, судските власти и полицијата, сè со цел подобра заштита на новинар(к)ите на терен.

# Прилог

## I. ‘Национални поглавја’

Советот на Европа ги охрабрува државите членки да ја пресликаат кампањата во национален контекст така што ќе организираат ‘национални поглавја’ од кампањата. Советот на Европа ќе ја придружува и олеснува организацијата на таквите ‘национални поглавја’ така што ќе ги креира активностите во согласност со потребите на национално ниво. Таквите активности, во рамки на сеопфатни национални акциски планови, може да бидат во вид на ревидирање и подобрување на законодавството, тематски работилници, програми за обука, промотивни активности и активности за подигање на свеста поврзани со обемот на кампањата, вклучително и преку проектите за соработка на Советот на Европа. Ќе се даде поддршка и преку обезбедување учество на релевантни чинители, како што се експерт(к)и и персонал и соодветно мобилизирање на релевантни клучни партнери.

### Национални акциски планови

**Националните акциски планови за заштита на безбедноста на новинар(к)ите** треба да се креираат околу четирите столба од Препораката (2016)4 и се очекува да функционираат како динамички временски планови за работа, да бидат ревидирани, прилагодени и адаптирани според најновите случувања во полето и во насока на исходите од годишните тематски настани и други размени поттикнати во рамки на кампањата.
Во рамки на националните акциски планови, ќе треба да се стават во употреба **конкретни заштитни механизми** што ќе ги земат предвид домашните потреби и контекст, како и постојните најдобри практики.

### Национални одбори. Национални контакт точки

Во овие рамки, Советот на Европа препорачува да се креираат национални одбори за безбедност на новинар(к)ите и да се назначат национални контакт точки.

Секој **Национален одбор** ќе функционира како меѓуагенција, со структура од повеќе чинители, и ќе ги донесе на едно место претставниците/чките од агенциите и организациите вклучени во пресликување на кампањата на национално ниво. Одборот треба да ги собере на едно место главните чинители кои се очекува да бидат активни во различни аспекти од кампањата на домашно ниво.

На Националните одбори ќе им биде доделена клучната задача за *креирање национален акциски план за заштита на безбедноста на новинар(к)ите,* како и за *поставување соодветни заштитни механизми,* и за *координирање и ревидирање на имплементацијата.* Националните одбори ќе имаат клучна улога во идентификувањето на домашните потреби и предизвици како предуслов за одредување на националните приоритети во рамки на кампањата.

Секоја држава членка треба да назначи **Национална контакт точка** како линк помеѓу домашните чинители на кои им е доверено ‘националното поглавје’ од кампањата и Секретаријатот за кампањата од Совет на Европа, другите контакт точки од државите членки, како и други вклучени меѓународни партнери и чинители.

Националните контакт точки ќе се очекува да споделуваат информации за конкретни иницијативи преземени на национално ниво во насока на остварување на целите на кампањата, и истовремено да ги информираат соодветните национални одбори за исходите од размените на европско ниво во рамки на кампањата и да овозможат споделување на добри практики. За да се овозможи размена, Советот на Европа ќе помогне во организација на еден годишен состанок помеѓу националните контакт точки.

*Повеќе детални информации за Националните одбори и контакт точки ќе им бидат навремено дадени на државите членки.*

## II. Секретаријат за Кампањата

Кампањата ќе ја координира Одделот за медиуми и интернет владеење (МИД), Одделение за информациско општество при Советот на Европа. Советот на Европа ќе назначи Програмски советник/чка (пожелно е тоа да биде секондиран/а службеник/чка) кој ќе има улога на **Координатор/ка на кампањата,** линк помеѓу Организацијата и националните контакт точки, во блиска соработка и под надзор на Одделот за медиуми и интернет владеење.

МИД во рамките на Советот на Европа е одговорен за:

- Координација на целата кампања на Советот на Европа, вклучително и координација со разни институции и сектори во рамки на организацијата;
- Координација со Националните одбори;
- Програма на активности во рамки на Кампањата на европско ниво и поддршка за НОи преку учество на релевантни национални/регионални настани, експертска поддршка, итн.;
- Организација на годишни тематски сесии како и годишни состаноци на националните контакт точки;
- Мобилизација на меѓународни партнери: релевантни регионални, европски и меѓународни организации, партнерски организации на Платформата за заштита на новинарството и безбедноста на новинар(к)ите;
- Онлајн инструменти и материјали за видливост на Кампањата (да се стават во употреба со поддршка на Директоратот за комуникации на Советот на Европа и други релевантни партнери) и да се комплетираат/координираат со активности и материјали за видливост на национално ниво;
- Организација на известувањето и евалуацијата на целата кампања, врз основа на национални извештаи;
- Информации и комуникација за кампањата, вклучително и веб страна во институцијата посветена на кампањата.

СОВЕТ НА ЕВРОПА

# КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАР(К)ИТЕ

www.coe.freedomofexpression

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА КАМПАЊАТА

***Оддел за медиуми и интернет владеење***

*Одделение за информациско општество*

КОНТАКТ

*soj.campaign@coe.int*



www.coe.int

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

Овој превод е направен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Наведената содржина е единствена одговорност на Советот на Европа и не значи дека секогаш ги одразува ставовите на Европската унија.

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE